РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2017 година

# СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 6

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 8

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 9

Увоз ... 10

Салдо на трговска размена ... 11

Валутна структура ... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 12

Приходи по буџетски корисници ... 13

Буџетски расходи според економската класификација ... 14

Расходи по буџетски корисници ... 15

Буџетско салдо ... 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 18

Плати ... 19

Пензии ... 19

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 20

Депозитен потенцијал ... 20

Кредити на банките ... 21

Каматни стапки на депозитни банки ... 22

Пазар на капитал ... 22

Девизни резерви ... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2017 година

- Индустриското производство во септември 2017 година во споредба со септември 2016 година забележа раст од 0,3%;

- Потрошувачките цени во септември 2017 година се зголемија за 1,7% во однос на септември 2016 година, по годишниот раст од 1,9% во август 2017 година;

- Во периодот јануари – септември 2017 година извозот забележа раст од 15,1%, а увозот од 11,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,2%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2017 година изнесуваа 130.972 милиона денари, односно 20,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,1% во однос на истиот период од 2016 година.

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2017 година изнесуваа 142.027 милиони денари, односно 22,5% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период лани.

- Вкупните кредити на банките во септември 2017 година се зголемија за 4,3% во споредба со септември 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,0%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Во септември 2017 година индустриското производство забележа раст од 0,3% во споредба со септември 2016 година. Растот во најголем дел се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија, каде што е забележан раст од 0,4% и вкупен придонес во растот од 0,3 п.п. Минимален раст е забележан и во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,1%, додека во секторот Рударство и вадење на камен е забележан пад од 2,6%, но неговиот придонес е доволен само за незначително намалување на растот на индустриското производство поради ниското учество во струкурата на производството.

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС




Во поглед на гранките кои ги сочинуваат индустриските сектори раст е забележан кај 13 од вкупно 27 гранки, кои вкупно учествуваат со 42,6% во структурата на индустриското производство, што укажува дека гранките со пониско учество пораснале по повисоки стапки од стапките по кои гранките со повисоко учество во структурата опаднале. Така на пример, гранката Поправка и инсталирање на машини и опрема бележи многу висок раст од 229,3%, но поради ниското учество на оваа гранка, нејзиниот придонес во индустриското производство изнесува само 0,8 п.п. Сепак, забележително е што кај гранките со двоцифрено учество во структурата се забележани движења во спротивна насока, и тоа: раст од 12,7% кај производството на машини и уреди (придонес од 1,4 п.п.) и пад од 9,3% кај производството на прехранбени производи (придонес од -1,1 п.п.).

Податоците за движењето на индустриското производство на кумулативна основа укажуваат на пад од 0,1% во периодот јануари – септември 2017 година. Падот најмногу се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од 1,1% и негативен придонес од 0,9 п.п., кој во целост е неутрализиран

со високиот раст во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 11,7% и позитивен придонес од 0,9 п.п. Секторот Рударство и вадење на камен бележи пад од 1,3% и минимален негативен придонес од 0,1 п.п.

Кумулативните податоци за производството кај гранките во рамки на секторите укажуваат дека бројот на гранки кои бележат раст изнесува 13 од вкупно 27 гранки со учество од 46,5%. Притоа, од гранките со двоцифрено учество во структурата на производството, производството на машини и уреди бележи раст од 9,9% (придонес од 1,1 п.п.), додека производството на прехранбени производи бележи пад од 3,7% (придонес од -0,4 п.п.).

Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во растот за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во растот за месецот




Поделбата на индустриското производство по наменски групи укажува дека растот се должи на зголеменото производство кај групите Капитални производи од 8,1% (придонес од 1,6 п.п.) и Енергија од 3,6% (придонес од 0,4 п.п.). Сепак, растот речиси во целост е неутрализиран со падот кај двете групи со најголемо учество во структурата, односно Нетрајни производи за широка потрошувачка со пад од 3,2% (придонес од -1,2 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,1% (придонес од -0,6 п.п.). Во групата Трајни производи за широка потрошувачка е забележан незначителен пад од 0,1% (придонес од 0,0 п.п.).

Според кумулативните податоци по наменски групи, раст е забележан кај групите Енергија од 8,9% (придонес од 0,9 п.п.) и Капитални производи од 3,6% (придонес од 0,7 п.п.), но истиот во целост е неутрализиран со падот кај двете групи со највисоко учество во структурата, односно Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,6% (придонес од -1,3 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија бележи пад од 0,9% (придонес од -0,3 п.п.). Групата Трајни производи за широка потрошувачка бележи пад од 4,4% со минимален негативен придонес од 0,1 п.п.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во септември 2017 година забележа раст од 3,3%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 3,8%, додека во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Рударство и вадење камен е забележан пад од 1,2% односно 0,.5%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите девет месеци од 2017 во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 1,5%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 1,8% и Рударство и вадење камен од 0,2%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 0,8%.

Графикон 1.4. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 14,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 9,2% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,2%. Пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,1% и Енергија од 0,7%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2017 во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 10,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,6%, и Енергија од 0,4%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2017 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на септември 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 65,4%, што претставува намалување во однос на август 2017 година, кога изнесувало 65,5%. Споредено со истиот месец од 2016 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 0,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 19,6%, недоволната домашна побарувачка со 17,5%, неизвесното економско окружување со 11,7%, финансиските проблеми со 9,3% и конкурентниот увоз со 7,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2017 година споредено со претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на август 2017 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2017 година издадени се вкупно 222 одобренија за градење, што претставува годишно намалување од 25,3%. Споредено со август 2017 година, кога биле издадени 232 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 4,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2017 година во однос на септември 2016 година бележи пад од 29,7%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите се зголемила за 12,4%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во септември 2017 година; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 141 (или 63,5%) се наменети за објекти од високоградба, 18 (или 8,1%) за објекти од нискоградба и 63 (или 28,4%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 222 издадени одобренија за градба, на 162 објекта (или 73,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 60 објекти (или 27,0%) инвеститори се деловни субјекти.

Во септември 2017 година предвидена е изградба на 665 станови, со вкупна корисна површина од 55.192 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 19,0%, а во однос на истиот месец од 2016 година е намален за 34,1%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2017 година се зголемија за 1,7% во однос на септември 2016 година, по годишниот раст од 1,9% во август 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-

Графикон 1.7. Стапка на инфлација; Извор: ДЗС



септември 2017 година изнесува 1,1%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во септември забележа годишен раст на цените од 0,8%, при што највисок раст имаа цените на кафе, чај и какао (за 6,5%) и зеленчук (за 4,9%).

Највисок годишен раст на цените во септември 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,7%, Транспорт од 6,3%, Ресторани и хотели од 4,1% и Рекреација и култура од 2,7%,

Годишен пад на цените во септември е регистриран во категориите: Здравје од 1,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,7%, Останати стоки и услуги од 0,5% и Облека и обувки и Образование од по 0,2%. Цените во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.

Графикон 1.8. Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Потрошувачките цени во септември 2017 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Притоа, раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 0,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Рекреација и култура од по 0,1%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Здравје од 1,0%, Ресторани и хотели од 0,8%, Останати стоки и услуги од 0,7% и Облека и обувки од 0,3%.

Цените во категориите Храна и безалкохолни пијалаци, Комуникации и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во септември 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 4,1%, а на месечна основа цените на мало се непроменети. Цените на мало во периодот јануари-септември 2017 година се повисоки за 2,7%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2017 година во однос на претходниот месец се зголеми за 7,4% и изнесуваше 55,2 долара за барел. На годишно ниво, цената на нафтата се зголеми за 19,4%. Цената на природниот гас во септември 2017 година споредено со август 2017 година бележи раст од 3,3%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во септември 2017 година се тргуваше со просечна цена од 11.216 долари за еден метрички тон ($/мт) и забележува месечно зголемување на цената од 3,0%. Споредено со истиот месец од 2016 година, цената на никелот се зголемила за 10,0%. Покрај никелот, месечен раст на цената во септември забележаа и останатите основни метали. Така, цената на цинкот порасна за 4,6%, на алуминиумот за 3,3%, на бакарот за 1,4%, на калајот за 1,3% и на оловото за 1,1%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Во однос на благородните метали, месечен раст на цената во септември забележаа среброто и златото од 2,8% и 2,4% соодветно, додека цената на платината забележа пад од 0,9%.

Цената на пченицата на светските берзи во септември во однос на претходниот месец се зголеми за 4,3%, а цената на пченката се намали за 0,8%. Јагнешкото месо во септември споредено со август 2017 година бележи раст на цената од 3,2%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2017 година изнесува 8.621,0 милион евра, што претставува раст од 12,8% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - септември во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – септември 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,4% и останува на исто ниво споредено со истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - септември 2017 година изнесува 3.669,6 милиони евра и бележи раст од 15,1% (481,4 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,8%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - септември 2017 година;
Извор: ДЗС




Вредноста на извезените стоки во септември 2017 година изнесува 449,3 милиони евра и бележи раст од 14,9% (58,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 18,7%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2017 година извозот бележи раст од 16,7% (64,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,9%.

Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-IX-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – септември 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од

нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – септември 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 16,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 7,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,2% и 11,6% соодветно.

## Увоз

Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-IX- 2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – септември 2017 година изнесува 4.951,4 милиони евра и бележи раст од 11,2% (497,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 3,8%.

Вредноста на увозот во септември 2017 година изнесува 558,4 милиони евра, што претставува раст од 8,7% (44,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 7,4%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2017 година увозот бележи раст од 3,9% (20,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 3,3%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 76,1 | 86,3 | 10,2 | 13,4 |
| Мил. ЕУР | 26,7 | 35,3 | 8,6 | 32,2 |
| Мил.$ | 29,9 | 39,5 | 9,6 | 32,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 767,9 | 759,3 | -8,6 | -1,1 |
| Мил. ЕУР | 265,6 | 323,7 | 58,0 | 21,8 |
| Мил.$ | 296,7 | 360,8 | 64,1 | 21,6 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,8 | 29,8 | 18,0 | 152,8 |
| Мил. ЕУР | 647,0 | 755,2 | 108,2 | 16,7 |
| Мил.$ | 722,5 | 842,0 | 119,5 | 16,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,7 | 22,1 | -0,6 | -2,6 |
| Мил. ЕУР | 124,7 | 132,6 | 8,0 | 6,4 |
| Мил.$ | 139,2 | 147,5 | 8,2 | 5,9 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 484,9 | 518,2 | 33,3 | 6,9 |
| Мил. ЕУР | 305,5 | 336,9 | 31,4 | 10,3 |
| Мил.$ | 341,2 | 376,1 | 34,9 | 10,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2016 | I - IX - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 609,8 | 542,8 | -66,9 | -11,0 |
| Мил. ЕУР | 237,5 | 274,8 | 37,3 | 15,7 |
| Мил.$ | 265,2 | 306,3 | 41,1 | 15,5 |

## Салдо на трговска размена

Во првите девет месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,2% односно 15,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во септември 2017 година, трговскиот дефицит се намали за 11,2% односно 13,8 милиони евра споредено со септември 2016 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и од стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – септември 2017 година, 88,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, САД, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,3% од трговската размена во периодот јануари – септември 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 83,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 0,9 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IX - 2016 | | | | | I - IX - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.311,5 | 3.663.264.152 | 61,6287 | 225.762.207.475 | 82,2 | 3.293,1 | 4.118.097.304 | 61,5940 | 253.650.085.371 | 83,2 | 454.833.152 | 12,4 |
| УСД | 1.141,7 | 833.901.814 | 55,2425 | 46.066.820.938 | 16,8 | 1.331,6 | 881.949.326 | 55,4583 | 48.911.410.280 | 16,0 | 48.047.512 | 5,8 |
| ГБП | 4,0 | 13.898.239 | 77,0393 | 1.070.710.588 | 0,4 | 3,6 | 16.633.553 | 70,6196 | 1.174.654.833 | 0,4 | 2.735.314 | 19,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.457,2 | | | 272.899.739.001 | 99,0 | 4.628,3 | | | 303.736.150.485 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 4.467,7 | | | 274.516.913.771 | 100,0 | 4.638,8 | | | 304.992.548.027 | 100,0 | | 11,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2017 година изнесуваа 130.972 милиона денари, односно 20,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,1% во однос на истиот период минатата година.




Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 76.745 милиони денари, односно 12,2% од БДП и во однос на истиот период од 2016 година се зголемени за 3,9%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 35.555 милиони денари, што претставува зголемување за 1,7% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,3%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 50.300 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 14.746 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 4,6%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 12,3% споредено со истиот период лани, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува поголемо остварување за 9,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 4,3%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 4,5%.

Акцизите се остварени во износ од 17.125 милиони денари (учество од 22,3% во даночните приходи), што претставува зголемување од 2,5%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 52.680 милиони денари, односно 68,6% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 10.786 милиони денари и забележуваат раст од 7,9% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,8% од приходи од капитал, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 3,3% од приходи од имот и имотни права и 1,7% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој деветмесечен период од 2017 година изнесуваа 9.180 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 11,5% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 16,7%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 28,4%) и на задржаниот данок за странски правни лица

(зголемување од 82,2%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 8,9%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 3.766 милиони денари и забележаа зголемување од 7,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 333 милиони денари забележаа помало остварување за 20,7% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 38.509 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,4% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,5%, кај придонесите за вработување за 4,6% и кај придонесите за здравствено осигурување за 4,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 10.009 милиони денари и во однос на истиот период од 2016 година забележаа поголемо остварување од 5,0% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.100 милиони денари, што претставува намалување од 35,1% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.366 милиони денари, односно за 37,9% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари-септември 2017 година тие изнесуваат 97,6 милијарди денари, односно 91,2% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 64,5% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 77,8% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до септември достигна 73,0% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 13,2 милијарди денари, што претставува 13,5% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-IX 2017 година (во %); Извор: МФ




Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука кое има

остварено приходи во износ од 2,4 милијарди денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 85,2% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Министерството за транспорт и врски оствари приходи во износ од 2,1 милијарда денари, односно 1,9% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,7% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари-септември 2017 година изнесуваат 47,9 милијарди денари и претставуваат 73,5% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2017 година изнесуваа 142.027 милиони денари, односно 22,5% од БДП, што е за 5,3% повеќе во однос на истиот период 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 130.501 милион денари учествуваа со 91,9% (20,7% од БДП) и се зголемени за 5,2% во однос на истиот период лани.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 19.627 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2016 година се зголемени за 1,3%.

Графикон 3.3 Одделни категории расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.542 милиона денари и споредено со истиот период минатата година забележаа намалување од 5,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 93.900 милиони денари (14,9% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,8% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 66,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 69.917 милиони денари, забележаа раст од 5,3% и учествуваа со 49,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 43.288 милиони денари, што е зголемување

за 6,3% споредено со истиот деветмесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,0%, односно забележаа поголема реализација за 6,0%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.227 милиони денари забележаа зголемување од 1,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 11,5% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 6.432 милиона денари, што е за 34,1% повеќе во споредба со истиот период 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 10,9%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 48,5%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 11.526 милиони денари со структурно учество од 8,1% во вкупните расходи (1,8% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 6,0% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – септември 2017 година реализира 31,3 милијарди денари или 73,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 23,0 милијарди денари или 74,1% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 74,3% (6,0 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-IX 2017 година (во %); Извор : МФ




Во периодот јануари – септември 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 27,2 милијарди денари, што претставува 71,0% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 52,0% отпаѓаат на отплата на

[1] Во рамките на разделот функции на држава опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции

главнина, за што во периодот јануари – септември 2017 година се потрошени 14,1 милијарда денари, односно 77,9% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 23,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 6,4 милијарди денари или 78,4% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 12,7% се капиталните расходи, за што се потрошени 3,5 милијарди денари или 47,6% од годишниот план.

Министерство за образование и наука во периодот јануари – септември 2017 година изврши буџетски средства во износ од 16,1 милијарда денари, што е 67,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (60,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9,8 милијарди денари или 75,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 2,5 милијарди денари, односно 73,5% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 14,2% во вкупните расходи) се реализирани 2,3 милијарди денари, што претставува 57,7% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – септември 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 7,3 милијарди денари, што претставува 72,4% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 73,1%, за што се потрошени 5,4 милијарди денари или 74,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,5%, за што се реализирани 1,2 милијарди денари или 69,7% од годишниот план.

Во првите девет месеци од 2017 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 6,5 милијарди денари, што претставува 75,1% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 86,5%), за што во анализираниот период се извршени 5,6 милијарди денари или 83,6% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 12,5% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – септември 2017 година се реализирани 808 милиони денари или 44,2% од годишниот план.

Министерство за одбрана, во периодот јануари – септември 2017 година, изврши буџетски средства во износ од 3,8 милијарди денари, што е 66,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 68,5%, за што во првите девет месеци се реализирани 2,6 милијарди денари, што претставува 74,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 964 милиони денари, односно 70,5% од вкупно предвидените.

---

финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерство за здравство во првите девет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 4,4 милијарди денари, што е 74,4% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 51,8%, за што во првите девет месеци се потрошени 2,3 милијарди денари или 94,1% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 28,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 1,2 милијарди денари, односно 64,9% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 18,5% во вкупните расходи) изнесува 55,8% односно извршени се 809 милиони денари.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – септември 2017 година реализираше средства во износ од 2,8 милијарди денари, што е 62,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 80,8%, а нивната реализација во првите девет месеци изнесува 62,6% односно извршени се 2,2 милијарди денари.

За финансирање на дејностите од областа на културата[2], во периодот јануари – септември 2017 година извршени се средства во износ од 3,0 милијарди денари, што е 77,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,4%, а нивната реализација во првите девет месеци изнесува 92,0% односно извршена е 1,0 милијарда денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 30,4%, а за оваа намена реализирани се 914 милиони денари или 72,1% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 780 милиони денари, што претставува 74,8% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 25,9% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2017 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 11.055 милиони денари, што претставува 1,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 10.624 милиони денари и претставува 1,7% од БДП.

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – септември 2017 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 136.986 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 1,4% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Од вкупниот број нововработени, 41,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во септември 2017 година 19,8% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 192.702, од кои 99.761 се активни баратели на работа, а 92.941 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,2%.

Најголем дел од невработените лица (66,4%) се градско население, а според половата структура 58,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 56,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,7% се со завршено средно образование, додека 14,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




По возрасни групи, најголемиот дел или 51,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето- плата во август 2017 година оствари годишен раст од 2,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење

камен (32,7%), Уметност, забава и рекреација (10,9%) и Стручни, научни и технички дејности (9,4%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 0,9%.




Просечната номинална бруто-плата во август 2017 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (27,4%), Информации и Комуникации (9,2%) и Уметност, забава и рекреација (9,0%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,8%.




Процентот на вработени што не примиле плата во август 2017 година изнесува 1,1% и е за 0,1 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,2 п.п. понизок во однос на јули 2017 година.

## Пензии

Во септември 2017 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 308.484 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.289 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,2% се корисници на старосна пензија, 24,7% се корисници на семејна пензија и 12,1% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во септември 2017 година изнесува 13.936 денари и е за 6,6% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,2%.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 15.251 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 12.649 денари, а просечната семејна пензија 11.200 денари. За исплата на пензиите во септември 2017 година се потрошени 4.162,36 милиони денари, што претставува 52,9% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во септември 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквата реакција се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во септември 2017 година; Извор: НБРМ




Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во септември 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 4,3% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 9,8% и пад на вкупните ликвидни средства на банките од 1,1%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 2,5%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 3,7% и 1,3%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во септември 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 5,2%, додека депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,8%.

Од аспект на валутата, во септември 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,2%, а депозитите во странска валута регистрираа пад од 0,9%.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2017 година оствари раст од 6,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 8,0% и 3,3%, соодветно.




Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 3,7%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,6%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1,5%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 7,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2017 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **320.952** | **-0,5%** | **6,0%** |
| Денари | *189.155* | -0,2% | 8,0% |
| Странска валута | *131.797* | -0,9% | 3,3% |
| Краткорочни | *148.628* | -1,9% | 1,5% |
| Долгорочни | *89.203* | 1,0% | 7,0% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **286.950** | **-0,3%** | **4,3%** |
| Денари | *238.662* | -0,1% | 6,7% |
| Странска валута | *48.288* | -1,3% | -6,2% |
| Краткорочни | *60.361* | -1,3% | 0,2% |
| Долгорочни | *206.311* | 0% | 6,7% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18.746* | -1,3% | -6,1% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во септември 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во септември кредитите кон претпријатијата се намалија за 1,0%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,5%. Од аспект на валутата, во септември 2017 година, денарските и девизните кредити регистрираа пад на месечно ниво од 0,1% и 1,3%, соодветно.

На годишна основа, во септември 2017 година вкупните кредити се зголемија за 4,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,8%, додека кредитите

кон претпријатијата се намалија за 0,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 6,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 6,7%, а краткорочните кредити се зголемија за 0,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во септември 2017 година остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 5,9%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,1 п.п. и изнесуваат 6,1% и 4,8%, соодветно.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, септември 2017 година; Извор:НБРМ




Вкупната каматна стапка на депозитите во септември изнесува 1,5% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити исто така останаа непроменети во споредба со претходниот месец и изнесуваат 2,1% и 0,8%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 34,1% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 80,9%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 10,4%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Вкупниот промет на берзата во септември 2017 година изнесуваше 304 милиони денари и истиот е зголемен за 94,5% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2017 година изнесуваше 2.688,66 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,5%, а во однос на истиот месец претходната година е повисок за 37,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септемви 2017 година изнесуваа 2.271,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 4,0 милиони евра, додека во однос на септември 2016 година се намалени за 427,6 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693